# СКОПЈЕ

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Број 12 Година III, 23.02. 2010 г.




# ПОЧНА ПРОШИРУВАЊЕТО НА БУЛЕВАРОТ ИЛИНДЕН

„СКОПЈЕ“

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на: 10 декември 2008

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66

**Телефони**
02 3297 255
02 3297 265

**меил-адреса**
mediumi@skopje.gov.mk
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн**
Европа 92 - Кочани

*Капитални проекти*

# ПОЧНА ПРОШИРУВАЊЕТО НА БУЛЕВАРОТ ИЛИНДЕН



Булеварот Илинден до крајот на летото ќе добие по две коловозни ленти во секоја насока, нови тротоари, велосипедски патеки, средишно зеленило и ново штедливо осветлување. Градот Скопје на 16 февруари го почна проектот за проширување на булеварот Илинден од којшто се очекува значително да го растовари сообраќајниот метеж и да ја зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот. Деновиве се работи на потегот од улицата Наум Наумовски Борче до улицата Рузвелтова, во должина од 640 метри, а потоа ќе се продолжи со проширување на булеварот од улицата Рузвелтова до булеварот 8.Септември, во должина од 800 метри.

Стартот на градежните работи на булеварот Илинден го означија градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски и градоначалникот на општината Центар, Владимир Тодоровиќ.

- Ми претставува особена чест што денеска ги почнуваме градежните работи за проширување на булеварот Илинден, една од главните сообраќајни артерии во Скопје и значајна алтернатива на булеварот Партизански одреди. Десет години во централното градско подрачје не е проширен ниту еден булевар. Со години оваа улица претставуваше „тесно сообраќајно грло“, безбедноста на пешаците беше загрозена, времето на задржување на возилата беше продолжено поради долгите колони, а со тоа, загадувањето на животната средина беше неизбежно. Но, проектот за проширување на оваа сообраќајница очекуваме да даде долгорочни позитивни резултати, за растоварување на сообраќајот, за зголемување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот и за заштита на средината. Морам да нагласам дека денеска почнуваме сложен проект, од исклучително значење за сите учесници во сообраќајот коишто секојдневно ја користат оваа сообраќајница. Морам да нагласам и дека сите градежни работи на булеварот Илинден ќе се одвиваат под сообраќај, но со воведување привремен сообраќаен режим. Поради тоа, би сакал да ги замолам граѓаните да покажат трпение додека тече изградбата на булеварот и, колку што е во нивна можност, да не ја користат и да го пренасочат своето движење по околните улици, Орце Николов и Партизански одреди – рече градоначалникот Трајановски на почетокот на градежните работи на булеварот Илинден.




Трајановски додаде дека за делот од булеварот од зградата на Владата до крстосницата со улицата Наум Наумовски Борче во тек е подготовката на техничката документација и се очекува проширувањето на овој потег од сообраќајницата да почне во јуни годинава, кога е помал интензитетот на сообраќајот.

Булеварот Илинден со проширувањето ќе добие по две коловозни ленти во секоја насока. На делот од улицата Наум Наумовски Борче до Рузвелтова, булеварот ќе биде без средишно зеленило. По завршувањето на овој дел, булеварот ќе продолжи да се проширува на потегот од крстосницата со улицата Рузвелтова до крстосницата со булеварот 8.Септември. На овој потег се планира и средишно зеленило, жардиниера со ширина од 5 метри. По должината на булеварот ќе се градат и пешачка и велосипедска патека од двете страни. Исто така, ќе се постави ново осветлување со штедливи светилки коешто ќе чини околу 8 милиони денари и нов семафор на крстосницата со улицата Никола Тесла, за што ќе се одвојат 2 милиона денари.

За работите на терен ќе бидат ангажирани екипите на Гранит А.Д. За градежните работи за целосно проширување на булеварот Илинден од градскиот буџет ќе се одвојат 80 милиони денари. Град Скопје, во подготовката за проширување на булеварот Илинден, изведе нова атмосферска канализација по должината на целата улица во вредност од околу 32 милиона денари, со што обезбеди двострано одводнување на булеварот.





# ПРЕТСТАВЕНИ ГЛАВНИТЕ ПРОЕКТИ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2010 ГОДИНА













Проширувањето на булеварот Илинден, изградбата на третата фаза од булеварот Србија, изградбата на првата и на втората фаза од булеварот Македонска војска, реконструкцијата на улица Благоја Стефковски, набавката на 12 специјални возила за ЈП „Комунална хигиена", како и почетокот на ревитализацијата на езерото „Треска" се најголемите капитални проекти што се предвидени во буџетот на Град Скопје за 2010 година. Буџетот за годинава беше донесен на единаесеттата седница на Советот на Град Скопје и изнесува 4.725.557.000 денари.

Проширувањето на булеварот Илинден е најскапиот капитален проект предвиден за 2010 година и за оваа намена во Буџетот за 2010 година се издвоени 135 милиони денари.

За изградбата на третата фаза од булеварот Србија во буџетот за 2010 година се издвоени 94 милиони денари, а за изградбата на првата и на втората фаза од булеварот Македонска војска се планирани 20 милиони денари. За реконструкција на улиците Благоја Стефковски и Волково во буџетот се издвоени четириесет, односно пет милиони денари.

Пари во буџетот се предвидени и за изградба на тротоари, за што се издвоени 30 милиони денари, како и за изградба на ролерски, велосипедски и трим-патеки на реката Вардар, за што се предвидени 21 милион денари.

Во буџетот за 2010 година средства се одвоени и за реконструкција на првиот и вториот дел од Градскиот парк, во износ од 50 милиони денари, 30 милиони денари се предвидени за реконструкција на градското зеленило и 20 милиони денари за подигнување на јавно зеленило на магистралните улици.

За 2010 година во Буџетот на Град Скопје се предвидуваат и средства за субвенции и за набавка на возила и опрема за јавните претпријатија:

- за набавка на 12 специјални возила за ЈП „Комунална хигиена" - 70 милиони денари,
- за набавка на возила и машини за ЈП „Паркови и зеленило" - 15 милиони денари,
- за проширување на стационарот „Вардариште" - 12 милиони денари,
- за набавка на противпожарни возила - 20 милиони денари,
- за субвенционирање на ЈСП „Скопје" се издвоени 60 милиони денари.

Во буџетот за 2010 година се издвоени средстава и за ревитализација на езерото „Треска" - 30 милиони денари, за Проектот за развој на Матка - 6 милиони денари, а за реконструкција и опремување на Кино „Милениум" - 10 милиони денари.

## ГРАД СКОПЈЕ СО НАЈВИСОК КРЕДИТЕН РЕЈТИНГ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

На 11 февруари 2010 година, светски познатата агенција за кредитен рејтинг Standard & Poor's го издаде вториот кредитен рејтинг за Град Скопје: ББ стабилен на збирно ниво или ББ стабилен за странска валута и ББ+ стабилен за домашна валута. Со тоа, Градот Скопје има највисок кредитен рејтинг во рамките на локалната самоуправа во Република Македонија. Особено е значајно што Градот Скопје и во услови на светска економска криза го задржува позитивниот кредитен рејтинг.

Позитивниот кредитен рејтинг што Градот Скопје го добива втора година по ред претставува одлична основа градската администрација да ги реализира предвидените капиталните инфраструктурни проекти. Истовремено, стабилниот кредитен рејтинг на Град Скопје ги зголемува можностите за аплицирање до меѓународните финансиски институции и добивање финансиски средства за реализација на капитални инвестиции во интерес на граѓаните.

Градот Скопје годинава ќе инвестира во подобрувањето на хигиената во градот, преку набавка на камиони за Јавното претпријатие „Комунална хигиена", како и за набавка на садови за отпад. За таа цел, Советот на Град Скопје одобри дополнително задолжување во износ од 183 милиони денари, од коишто за набавка на возила за потребите на ЈП „Комунална хигиена" се предвидени 123 милиони денари, а за набавка на садови за отпад 60 милиони денари.

# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОДВОЗНИКОТ
# *НА БУЛЕВАРОТ 8.СЕПТЕМВРИ*




Екипи на ЈП „Улици и патишта" деновиве ја почнаа реконструкцијата на тротоарите на подвозникот кај хотелот „Александар палас". Оштетените армирано-бетонски плочи од тротоарите се целосно извадени и ќе бидат заменети со нови, според потребните димензии. Санацијата на гредите ќе се извршува според потребите, а ќе се поставуваат и заштитни столпчиња со амблемот на Град Скопје по целата должина на мостот. Градежните активности ќе траат околу еден месец.

Мостот е со должина од 26 метри, а вкупната широчина на велосипедската и на пешачката патека изнесува 5, 5 метри. Финансиските средства за градежните активности се обезбедни од буџетот на Град Скопје.

# СКОПЈЕ СЕ ВКЛУЧИ ВО ЕВРОПСКИ ПРОЕКТ
# ЗА ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈАТА

Градот Скопје активно се вклучи во меѓународниот проект за поголема заштеда на електрична енергија од уличното осветлување, во јавните институции во градот и за користење обновливи извори на енергија. Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, минатата година во Фрајбург, Германија, потпиша меморандум за разбирање меѓу Германското друштво за техничка соработка (ГТЗ) и градовите Фрајбург, Скопје, Сараево, Подгорица и Загреб за спроведување на проектот „Градење на капацитетите за управување со енергијата во градовите".

Меѓу првите проекти што ќе ги спроведе Градот Скопје, за коишто ќе побара помош преку овој меморандум, е проектот за намалување на трошоците за улично осветлување. Овој проект би предвидел формирање диспечерски центар од каде што треба да се следи работата на уличното осветлување, дефектите и комплетната потрошувачка на електрична енергија.

Со заштедата ќе се придонесе за зголемување на енергетската ефикасност, а заштедените средства Градот ќе инвестира за користење обновливи видови енергија.

Енергетската ефикасност во наредните години ќе се применува и во јавните институции на Град Скопје.

*Градоначалник*
*на Град Скопје*

*Kryetari*
*i Qytetit të Shkupit*

**ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКАТА НА УПРАВУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈАТА И ЗАШТИТА НА ОКОЛИНАТА НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**

**ОПРЕДЕЛБА:**

Стратешка определба на Градот Скопје е да постигне висока ефикасност при користењето на енергијата и заштита на човековата околина. Поради тоа Градот Скопје ќе спроведе активности со кои ќе воспостави структура за управување со енергијата во сите објекти кои се во сопственост на градот.

**ЦЕЛ:**

Со воспоставувањето на структурата за управување со енергијата и останатите мерки за подобрување на енергетската ефикасност, Градот Скопје сака:

- да ги намали трошоците за енергија во износ од минимум 5% за секоја година во наредните пет години;
- да ја намали емисијата на стакленички гасови на најмала можна вредност во истиот период;
- да се подобри економската ефикасност во објектите преку управување со трошоците за енергија, да се подобри продуктивноста и работните услови за вработените,
- континуиранио да работи на заштита на околината.

Со остварување на тие резултати, Градот Скопје сака да стане пример за добра пракса за управување со енергијата и намалување на штетните влијанија на околината.

**КЛУЧНИ ФАКТОРИ ЗА УСПЕХ:**

- востпоставување на канцеларија и инфоцентар за управување со енергија, со лица одговорни за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија;
- воспоставување на структура одговорна за мерење и надзор на потрошувачката на енергија и влијание на околината,
- управување со трошоците и деловна ефикасност,
- развивање на потребни деловни знаења и вештини,
- потикнување на мали, но континуирани придонеси од страна на секој вработен,
- трајно мотивирање на сите вработени
- редовно следење на остварените резултати и јавно известување.

Спроведувањето на Политиката за енергетска ефикасност и заштита на околината почнува 01.01.2010 година и активно ќе се спроведува во наредните 5 години.

Да тргнеме заедно !

Градоначалник на Град Скопје

Коце Трајановски

*1000 Скопје, Илинденска бб - Република Македонија тел. +389 2/3297 204; 3297 200 факс +389 2/3165 445*
*1000 Skopje, Ilindenska bb - Republik of Macedonia tel. +389 2/3297 204; 3297 200 fahx+389 2/3165 445*




# ПРЕДАДЕН ВО УПОТРЕБА ФЕКАЛНИОТ И АТМОСФЕРСКИ КОЛЕКТОР ЗА ИНЏИКОВО

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, Претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, и градоначалникот на општината Гази Баба, Тони Трајковски, на крајот на декември го предадоа во употреба фекалниот и атмосферски колектор за населбите Стајковци, Ченто, Инџиково, Хиподром и Маџари, како и препумпната станица за фекални води „Макошпед“.

- Пет години по несреќното почнување на овој колекторски систем денеска имам особена чест да констатирам дека тој е завршен. Колекторскиот систем за населбите Хиподром, Индустрија Маџари 2, Стајковци, Ченто и Инџиково ги решава долгогодишните проблеми на околу 30.000 жители. Жителите од овој дел од градот во наредните 50 години нема да имаат проблеми со канализациската мрежа што отвора дополнителна можност за економски развој на општината Гази Баба. Изградбата на колекторскиот систем и реконструкцијата на препумпната станица чинат 120 милиони денари, од кои 61 милион денари обезбеди Владата на Република Македонија, а другите средства ги обезбеди ЈП „Водовод и канализација“ – рече градоначалникот Трајановски, на предавањето во употреба на колекторскиот систем.

Завршениот проект ги опфаќа следниве колектори:

- Главен фекален колектор Ф 1.000 милиметри со вкупна должина од 1.920 метри (од автопатот до препумпната станица „Макошпед“) и
- Главен атмосферски колектор Ф 1.000 милиметри со должина од 812 метри (од улицата Благоја Стефковски до реката Вардар).

Како дел од проектот, извршена е и целосна реконструкција на препумпната станица „Макошпед“, како во градежниот, така и во електромашинскиот дел. Заменети се постојните три пумпи со капацитет од 90 литри во секунда со нови три пумпи - секоја со капацитет од 320 литри во секунда.

На изградба на колекторскиот систем работеа екипите на фирмите „Турбоинженеринг“-Скопје, „Жикол“ ДООЕЛ Струмица, „Промонтинг“ ДООЕЛ Скопје и „ Вардарградба“ ДОО Скопје.



# ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН ЌЕ ГАРАНТИРА ЗАШТИТА НА СРЕДИНАТА ВО СКОПЈЕ



До крајот на годинава Градот Скопје ќе добие нов Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) што треба да ја утврди состојбата на животната средина, да утврди мерки и активности за надминување на проблемите и да даде насоки за натамошен одржлив развој на Градот Скопје, земајќи предвид економски прифатливи и ефикасни решенија. Изработката на ЛЕАП е законска обврска на Градот Скопје, според Законот за животна средина. Потребата од изработка на ЛЕАП со Одлука ја потврди и Советот на Град Скопје.

ЛЕАП е сеопфатен плански документ, што ги опфаќа активностите во областа на животната средина на подрачјето на Град Скопје, за временски период од шест години и претставува стратешки документ. Во процесот на неговата изработка и реализација активно ќе бидат вклучени и граѓаните и невладиниот сектор.

Подготовката на ЛЕАП ќе опфати формирање на организациска структура за изработка на ЛЕАП, којашто се состои од локален координатор, локален комитет и работни групи; изработка на план за вклучување на јавноста; оцена на состојбите со животната средина; утврдување на приоритетните проблеми за решавање; поставување цели; утврдување механизми за спроведување на ЛЕАП и утврдување на оперативни механизми за следење, оценување на спроведувањето и ревизија на ЛЕАП.

За изработка на ЛЕАП на Град Скопје, којшто ги опфаќа сите десет општини на градот и влијанието на општините од Скопскиот регион, потребни се финансиски средства во износ од 2 милиона денари, предвидени со Буџетот на Град Скопје за 2010 година.

Првиот ЛЕАП за Град Скопје е донесен во 2004 година и е изработен со донаторски средства од германската агенција GTZ. Важноста на овој документ е до 2010 година. Вториот ЛЕАП ќе има важност 10 години.

# НАБАВЕНИ НОВИ ВОЗИЛА ЗА ЈП „ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО“




Градот Скопје набави две возила што се наменети за подобрување на работата на ЈП „Паркови и зеленило“. За набавка на двете возила Градот Скопје издвои 5,8 милиони денари.

Станува збор за едно возило-цистерна коешто ќе се користи за полевање на зелените површини и на дрворедите во чијашто близина нема хидранти за наводнување, како и за миење на патеките во Градскиот парк. По потреба, ова возило може да се користи и за гаснење евентуални пожари во парк-шумата Водно.

Второто возило-кипер е од марката „ивеко“ и е со носивост од 2,5 тони. Товарното возило е со механизам за товарење и растоварање и може да се користи за транспорт на шест лица. Двете возила во голема мера ќе ја подобрат работата на ЈП „Паркови и зеленило“ во делот на подигање на ново зеленило во градот.




Претходно, Градот Скопје за ЈП „Паркови и зеленило“ набави и ровокопач и едно возило со платформа за поткаструвње високи гранки. Платформата е од марката Nisan Cup Star и може да се крева до 16 метри. За набавка на новото возило Градот Скопје потроши 3,7 милиони денари.

Екипите од групата за дрвореди во ЈП „Паркови и зеленило“, претходно работеа со само едно возило за поткастрување високи гранки, старо над 25 години. Со оваа донација значително ќе се скрати времето на чекање за сечење на старите, суви, искривени и заболени дрвја во градот, како и за ослободување на семафорите и сообраќајните знаци од гранките во функција на зголемување на безбедноста во сообраќајот.

# СЕ КАСТРЕА ДРВЈАТА ВО ГРАДСКИОТ П А Р К



Екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ реализираа голема акција за сечење и поткастрување на старите и заболени дрвја во Градскиот парк. Уредени се 230 стебла што со својата физиолошка старост го нарушуваа ликот на Градскиот парк и претставуваа опасност за минувачите.

За уредување на дрвјата беше употребена и новата платформа за поткастрување и сечење високи гранки на ЈП „Паркови и зеленило“. Претходно, заедничка стручна екипа од Градот Скопје и од ЈП „Паркови и зеленило“ изврши комплетен преглед на физиолошката состојба на стеблата во Градскиот парк и ги обележаа дрвјата што беа опфатени со акцијата за уредување.

# ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ ОДВОЕНИ 229 МИЛИОНИ ДЕНАРИ

Советот на Град Скопје ја донесе Програмата за одржување, реконструкција и заштита на магистралните и собирните улици и за регулирање на режимот на сообраќај во Скопје за 2010 година. За реализација на програмата се одвоени 229 милиони денари.

Со планот се опфатени 118 улици, со вкупна површина од 2.600.000 квадратни метри, од кои 25 се магистрални улици, со површина од 2.200.000 квадратни метри и 93 собирни улици, со површина од 400.000 квадратни метри.

Во согласност со оваа програма, за одржување и заштита на магистралните и собирните улици се предвидени поголем број активности како што се: раскопување оштетен асфалт, тампонирање со толчаник, машинско засекување рабови, прскање со емулзија, асфалтирање и чистење раскопан материјал, за што се предвидени 180 милиони денари.

За одржување на сообраќајните знаци на подрачјето на Скопје, со оваа програма се предвидени 49 милиони денари, од коишто 20 милиони денари се планирани за одржување на светлосната сигнализација, 25 милиони денари за одржување на хоризонталната сигнализација и 4 милиони денари за одржување на вертикалната сигнализација.

# ПОПОЛНЕТИ УДАРНИТЕ ДУПКИ НА МОСТОТ ВО САРАЈ



Екипите на ЈП „Улици и патишта“ по налог на Градот Скопје го санираа оштетениот коловоз на мостот во Сарај. Со ладен асфалт се пополнети две големи ударни дупки на коловозот со површина од 3 квадратни метри, како и помалите оштетувања.

Оштетениот асфалт на коловозот е отстранет и се поставени две метални плочи што се заварени за конструкцијата на мостот. За реконструкцијата на коловозот на мостот се потрошени 2 тона ладна асфалтна маса.

Парите за поправка на коловозот на мостот се обезбедни од буџетот на Град Скопје.





# СЕ САНИРА ОШТЕТЕНИОТ КОЛОВОЗ НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ

Дваесет и пет тони ладна асфалтна маса од почетокот на годинава употребија екипите на ЈП „Улици и патишта“ за поправка на ударните дупки на градските улици.

Санирани се ударните дупки на булеварите Партизански одреди, 8.Септември, Крсте Мисирков, Јужен булевар, Кочо Рацин, Александар Македонски, Јане Сандански, Митрополит Теодосиј Гологанов, Илинден и Србија.

Оштетениот асфалт е саниран на улиците Козле, 11.Октомври, 4.Јули, Македонско-косовска бригада, Првомајска, Ферид Бајрам, Шуто Оризари, Христо Татарчев, Благоја Стефковски, Самоилова, Радишанска, Кемал Сејфула, Лазо Трповски, Васко Карангелевски, Васил Ѓоргов, Народни херои и Интернационални бригади.

Во изминатиов период се поправаше и пешачката патека кај булеварот 8.Септември, во близина на базенот „Младост“, како и пешачката патека на мостот кај хотелот „Холидеј ин“.

Акцијата за поправка на оштетениот коловоз на градските улици којашто се одвива по налог на Градот Скопје ќе продолжи и во наредниот период.

## ПОПРАВЕНИ ГРАДСКИТЕ ЧАСОВНИЦИ



На почетокот на годинава целосно се санирани и пуштени во употреба четири неисправни градски часовници. Технички интервенции и проверки беа извршени и на преостанатите 14 часовници, и сега сите осумнаесет градски часовници покажуваат точно време и се осветлени.

Парите потребни за поправка на часовниците во износ од околу 320.000 денари беа во целост обезбедени од буџетот на Град Скопје. Екипите на „Електроизградба" во согласност со договорот со Град Скопје ќе вршат редовни контроли на 18-те градски часовници за да се овозможи нивно непречено функционирање.

Во буџетот за 2010 година, Град Скопје за одржување на градските часовници издвои милион денари.

## ПОСТАВЕНИ ЗАШТИТНИ СТОЛПЧИЊА ПРЕД ТЦ „МАВРОВКА"



Екипи на ЈП „Улици и патишта" пред ТЦ „Мавровка", на булеварот Гоце Делчев, поставија 29 заштитни столпчиња. Столпчињата со височина од 1 метар и пречник Ф 100 милиметри се поставени на потегот од автобуската станица пред ТЦ „Мавровка" до крстосницата на булеварот Гоце Делчев со булеварот Крсте Мисирков.

Столпчињата се поставуваат за да се спречи паркирање на моторните возила на тротоарот и пред автобуската станица.

## ЗАШТИТНИ СТОЛПЧИЊА НА УЛИЦАТА БЛАГОЈА СТЕФКОВСКИ



Екипите на ЈП „Улици и патишта" поставуваат заштитни столпчиња на тротоарите на улицата Благоја Стефковски. Столпчињата се поставуваат за да се оневозможи пристап со моторни возила на тротоарите од двете страни на сообраќајницата и за да се зголеми безбедноста на пешаците.

По налог на Градот Скопје, екипите на ЈП „Улици и патишта" на тротоарите на улицата Благоја Стефковски ќе постават вкупно 180 столпчиња, со височина од 1 метар и дијаметар од 100 милиметри.

## ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ

Градот Скопје ќе додели финансиски средства на 16 здруженија на граѓани и фондации од вкупно пријавените 33, на објавениот јавен повик за прибирање барања за користење на средствата од Буџетот на Град Скопје за 2009 година.

Преку обезбедување на околу милион денари Градот Скопје своја поддршка даде на проектни активности поврзани со урбаниот развој, заштитата на животната средина, заштитата и промоцијата на културното наследство, социјалната заштита, неформалното образование, здравствената заштита, подигањето на свеста за релаксација на меѓуетничките односи, почитување и афирмација на верската и културолошката разноликост и зголемување на нивото на користење на информациските технологии, особено достапноста на информациските технологии до лицата со посебни потреби.

## ОБНОВЕНА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА НА УЛИЦАТА ДЕМИР ТРАЈКО

Екипите на ЈП „Водовод и канализација" ја завршија реконструкцијата на водоводната мрежа на улицата Демир Трајко и на околните улици. Обновена е цолована поцинкована мрежа и поставена е нова, дуктилна, цевка со профил Ф 100 милиметри во вкупна должина од 584 метри. Променети се и 31 водоводен приклучок до куќите на улицата.

Од оваа водоводна мрежа со вода се снабдуваат околу 150 граѓани.

Овој зафат е финансиран од ЈП „Водовод и канализација", а за целосната реконструкција на мрежата и за промена на приклучоците се потрошени околу 5 милиони денари.

## СЕ ПОСТАВУВААТ КОНТРОЛОРИ ЗА ЗЕЛЕН БРАН НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ



На крстосницата кај „Тутунски комбинат", на улиците 11 Октомври и Пролет, како и на крстосницата меѓу булеварите Партизански одреди и Климент Охридски на семафорите се поставени нови контролори за синхронизација на зелен бран и нова надворешна опрема составена од 12 возачки и 8 пешачки лантерни.

На крстосницата меѓу булеварот Кочо Рацин и улицата 11 Октомври поставен е нов контролор за воспоставување зелен бран и вкупно 11 возачки лантерни.

Динамиката на поставување на новите лантерни, според утврдениот план, во наредниот период ќе зависи од временските услови, а нови уреди е предвидено да се постават на крстосницата кај Комплексот банки и пред мостот „Гоце Делчев", на крстосницата на булеварот Гоце Делчев со булеварот Илинден и булеварот ВМРО.



## 14 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ЗА ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА СКОПЈЕ

Со финансиска поддршка на голем број проекти, организирани туристички тури со автобуси, изработка на разновиден пропаганден материјал, зачленување во Европската маркетинг-асоцијација на европски туристички градови и преку учество и презентација на туристички саеми, Градот Скопје и годинава ќе ги презентира и подобрува туристичките капацитети на Скопје. Овие активности се дел од Програмата за општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристите во Скопје за 2010 година, којашто беше усвоена од Советот на Град Скопје. За реализација на програмата, од Буџетот на Град Скопје се одвоени 14.770.000 денари.

За изработка на општ туристички пропаганден материјал се предвидени 3,5 милиони денари, а за организација на тури со автобуси низ градот се планирани 360.000 денари.

За подобрување на условите за престој на туристите се предвидени 2.650.000 денари, од кои за обновување на постојната и поставување нова туристичка сигнализација и сигналитика, во вид на знаци, патокази и информативни табли, се предвидени 1,3 милиони денари. Во согласност со оваа програма, средства се предвидени и за разни активности за привлекување туристи за манифестациите што се во организација на Градот Скопје, како „Баскерфест“ и „Денови на Крале Марко“.

Оваа програма ќе се финансира од таксата за привремен престој на туристите што се наплаќа на подрачјето на Скопје. Се очекува во градот во 2010 година да се остварат околу 200.000 ноќевања.



## ЛОКАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ

„Младински активизам“, „Имплементација на Националната стратегија за млади“, „Програми за млади“, „Програма на ЕК за млади“, „Критериуми за младинските организации“, „Намалување на корупцијата“, „Глобално затоплување“, „Човекови права“, „Животна средина“, „Култура“, „Здравјето и младите“, „Корпоративниот сектор и младите“, „ИТ комуникација“, „Пракси и волонтирања на млади“, „Како се креира бренд“, „Како да се опстои во конкурентна средина“, „Повремена работа“, „Важноста да се биде општествено одговорна компанија“ и „Моќта на медиумите меѓу младите“ – ова се темите на коишто дискутираа претставниците на поголем број младински граѓански здруженија и бизнис-секторот на првата Локална конференција за млади што се одржа на 16 и на 17 февруари, во Скопје. Локалната конференција за млади беше во организација на Град Скопје и Федерацијата на млади – Скопје, составена од 12 младински организации, во соработка со Скопскиот саем, со работен наслов “Состави ја сложувалката, креирај го општеството”.

Во дискусиите на предложените теми учествуваа претставници од Федерацијата на млади - Скопје, приватниот Универзитет ФОН, Агенцијата за млади и спорт, УНДП, Балканската фондација за деца и млади, ФИООМ, СНВ-Македонија, Стопанската Комора, Сојузот на стопански комори на Македонија и МАСИТ, како и претставници од медиумски куќи и повеќе стопански субјекти.

Локалната конференција за млади претставува основа за собирање идеи и сугестии за полесно решавање на младинските прашања и е почеток за креирање на Локалната стратегија на млади на Град Скопје и за формирање Совет на млади на територија на Град Скопје.

## ГРАДОТ СКОПЈЕ ЌЕ ГИ ОБНОВИ ФАСАДИТЕ НА НЕКОЛКУ ЗГРАДИ ОКОЛУ ПЛОШТАДОТ

Градот Скопје го поддржува проектот „Скопје 2014“ и активно ќе се вклучи во неговата реализација со реновирање на фасадите на неколку згради коишто гравитираат кон плоштадот „Македонија“.

Во наредниов период, Градот Скопје ќе распише јавен повик за идејно решение за изгледот на фасадите, а потоа и за изведувач на работите. Ако тече законската процедура според предвидениот рок, обновувањето на фасадите на првите објекти околу плоштадот би требало да почне на крајот на годинава или на почетокот на 2011 година.

Во оформувањето на изгледот на централното подрачје, Градот Скопје ќе се вклучи и со обнова на оградите на три моста на реката Вардар. За оградите на „Мостот на револуцијата“ и за мостот кај хотелот „Холидеј ин“ веќе се избрани идејните решенија, а за оградата на мостот „Гоце Делчев“ јавниот повик за идејно решение ќе се повтори.

# ЧЕТВРТА НАЦИОНАЛНА ТОРТИЈАДА ВО СКОПЈЕ

Тортите „Љубов“ и „Весели ангели“ се двете најубави слаткарски дела на четвртата по ред Национална „Тортијада 2010“, што на 17 февруари во ресторанот „Рагуза“, се одржа под мотото „Слатка љубов и надеж“. Автори на првонаградените торти се „Ангелчиња“ (ХОА) во категоријата професионалци и Светлана Димовска во категоријата слаткари аматери.

На четвртата Тортијада беа доделени по три награди за најдобрите торти во двете категории, аматери и професионалци. Вторите награди им припаднаа на Слаткарницата „Диме“ за тортата „Трнорушка“ и на Јадранка Тодоровска за тортата „Четири годишни времиња“. Третата награда во категоријата професионалци ја добија мајсторите од слаткарницата „Шехерезада“ за тортата „Шехерезада“, а за трета најдобра торта на слаткар аматер, беше прогласена тортата „Урбана љубов“ на Сузана Стојмирова.



Во годинешнава тортијада учествуваа слаткари од десетте скопски општини, како и претставници од општините Илинден и Петровец. Домаќин на годинашната Национална „Тортијада 2010“ беше општината Центар, а наредната година домаќин на петтата Тортијада ќе биде општината Карпош.

Заинтересираните гости имаа можност да ги купат тортите што им се допаднаа, а продажбата беше реализирана по пат на лицитација во којашто беа собрани околу 60 илјади денари. Собраните средства ќе бидат донирани за Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ во Скопје.

Националната „Тортијада“ е традиционална манифестација и секоја година се одржува под покровителство на Градот Скопје.

# СКОПСКИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА ДОБИЈА ПО 33 ПРОФЕСИОНАЛНИ ТОПКИ



Средните училишта на Град Скопје на почетокот на месецов добија по 33 професионални кожени топки од најдобрите брендови во светот за најпопуларните спортови што се изучуваат во средното образование: кошарка, одбојка, фудбал и ракомет. Донацијата ја предаде градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

- Со оваа донација во голема мера ќе се олесни работата на наставниците по физичко воспитание од средните училишта и ќе се придонесе за зголемување на масовноста во спортските средношколски активности. Повозрасните сигурно паметат кога пред дваесетина години ваквите средношколски натпревари ги полнеа спортските сали, а токму од тие екипи излегоа достоинствени и горди репрезентативци што ја претставуваа нашава држава во Европа и во светот. Градот Скопје како институција постојано ќе го поддржува спортот во средните училишта и ќе инвестира во средношколскиот спорт – рече градоначалникот Трајановски на средношколската манифестација организирана во спортската сала на СУГС „Здравко Цветковски“.

На манифестацијата беше прогласен и стартот на средношколските лига-натпревари во кошарка меѓу екипи од средните училишта на подрачјето на град Скопје. За кошаркарските лига-натпревари годинава се пријавија 23 екипи од средни училишта на подрачјето на град Скопје, а победничките екипи од финалните натпревари од учебната 2009/2010 година ќе учествуваат во средношколската олимпијада „Гимназијада 2010“, што ќе се одржи од 5 до 8 мај годинава во Скопје.

# ИЗДАДЕНА ЧЕТВРТАТА Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

Градот Скопје ја издаде четвртата Б-интегрирана еколошка дозвола за согласување со оперативниот план на „ПЕКАБЕСКО АД – Скопје“, лоцирана на улицата Шуто Оризари 66.

Во Градот Скопје досега се пристигнати 31 апликација за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола. Издавањето Б-интегрирани еколошки дозволи е регулирано со Законот за животна средина. Законот воведува два вида дозволи - А и Б-интегрирани еколошки дозволи. Надлежен орган за издавање А-интегрираните еколошки дозволи е Министерството за животна средина и просторно планирање, а за Б надлежноста е поделена меѓу единиците за локална самоуправа и министерството, односно, надлежен орган за издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи се единиците на локална самоуправа со исклучок на оние инсталации што се наоѓаат во заштитени подрачја за коишто дозволата ја издава МЖСПП.

Целта што треба да се постигне со воведувањето на овој тип дозволи е спречување и намалување на загадувањето на најмала можна мера со што стандардите на квалитет на животната средина во нашава земја ќе се подигнат на ниво на оние во ЕУ.

Досега, Б-интегрирани еколошки дозволи за согласување со оперативен план добија компаниите „ИГМ Вратница – подружница Визбегово“, „Раде Кончар – контактори и релеи“ и „ГЕТОАР – ДООЕЛ Скопје“.

# ОДОБРЕНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ХАИТИ И ЗА ГРАДОТ СКАДАР



Градот Скопје, како Град на солидарноста, одвои 1,5 милиони денари (25.000 евра) парична помош за настраданите во катастрофалниот земјотрес што минатиот месец го погоди Порт-о-Пренс, Република Хаити. Градот Скопје одвои и 5.000 евра парична помош за санација на материјалните штети од поплавите во градот Скадар, Република Албанија.

Донацијата на Градот Скопје беше потврдена и со одлука на Советот на Град Скопје.

Градот Скопје досега несебично помогна со донации за санирање на штетите од цунами брановите во Индонезија ( 1,5 милиони денари) и земјотресот во Сечуан, Кина (1,8 милиони денари).

Во 2009 година

## СОБРАНИ 52.304 КИЛОГРАМИ ПЕТ АМБАЛАЖА И ПЛАСТИКА

Екипите на ЈП „Комунална хигиена“ во текот на минатата година собраа 52.304 килограми пластична амбалажа. Доколку се направи споредба со резултатите од собраната отпадна пластика во 2008 година (16.262 килограми), резултатите од 2009 година се трипати поголеми.

Селекцијата на отпадот во Скопје веќе трета година се спроведува во сите општини во Скопје. Пластичната амбалажа се собира од 130 контејнери, поставени на фреквентни локации, и од околу 2.000 индивидуални домаќинства. Пластичната амбалажа потоа се селектира по боја и се балира, па се предава на рециклирање.



## ОДЛОЖЕНА ПРИСИЛНАТА НАПЛАТА НА ФИРМАРИНАТА

Градот Скопје ги одблокира сметките на сите должници - обврзници за плаќање фирмарина и ја одложи присилната наплата заклучно со 30 април годинава. Градот Скопје ги потсетува сите обврзници дека се должни да ги пријават сите промени што се од значење за утврдувањето и наплатата на даноците и комуналните такси, како и да бараат исправка на можните грешки во даночната евиденција и донесените акти во надлежност на Градот Скопје.

Во рамките на мојата надлежност ќе му предложам на Советот на Град Скопје соодветни измени во Одлуката за комуналните такси. Ќе му предложам на Советот на Град Скопје да донесе и одлука со којашто ќе се изврши отпис на побарувањата по основ на комунална такса настанати до 2006 година. Ќе покренам и законодавна иницијатива за измена на Законот за комуналните такси, со што таксата за фирма како јавна давачка би се утврдувала сразмерно на економските ефекти коишто ги остваруваат субјектите – најави градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

Градот Скопје е законски обврзан да ги утврдува комуналните такси и да ја врши наплатата на начин предвиден со Законот за комунални такси, Законот за даноци на имот и Одлуката на Советот на Град Скопје од 2005 година. Комуналните такси се изворни приходи на Градот Скопје и општините во Скопје и од нив се финансираат активностите во нивна надлежност. Приходите од фирмарината Град Скопје и 10-те скопски општини ги делат во однос 60% - 40%

Од вкупниот број 42.828 регистрирани обврзници за плаќање фирмарина, 15.499 редовно ја подмируваат обврската спрема Градот Скопје и општините, а 27.329 обврзници комунална такса – фирмарина немаат платено за три, односно за две години. Администрацијата на Градот Скопје достави опомени до евидентираните должници, но бидејќи должниците не ги подмириле долговите во предвидениот рок, во согласност со Законот за даноци на имот се пристапи кон присилна наплата на долговите со блокирање на сметките на обврзниците.

## АКЦИЈА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА СТАРИТЕ ТОПОЛИ

Градот Скопје ја продолжува акцијата за отстранување на старите, заболени и накосени тополи од дрворедите по должината на булеварите. Акцијата треба да ја зголеми безбедноста на минувачите и да го заштити здравјето на граѓаните коишто се жалат на алергиски реакции во сезоната на цветањето на тополите.

Во наредниов период, екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ ќе исечат 50 старите тополи на булеварот Мито Хаџивасилев Јасмин, наспроти АМСМ. На булеварот Теодосиј Гологанов, наспроти млечниот ресторан, треба да се исечат 30 стебла и кај ТЦ „Олимпико“ - 15 стебла.

Во план за сечење се и 55 тополи во Градскиот парк, во населбите Топанско поле и во Маџари, 20 тополи на булеварот Александар Македонски, како и 60 тополи на булевар Србија.

Оваа акција континуирано ќе се спроведува до 2012 година, до кога треба да се отстранат 1.400 стебла тополи и да се заменат со 2.500- 4.200 стебла благородни дрвени насади. Според стручните проценки, најдобро би било да се засадат јавори, платани или јасени.

## ОБЕЗБЕДЕНИ 1.831 БЕСПЛАТЕН БИЛЕТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ГРАДСКИ ПРЕВОЗ

За лицата со посебни потреби Градот Скопје годинава обезбеди 1.336 бесплатни легитимации, 150 бесплатни легитимации за лицата со придружба и 345 годишни легитимации со партиципација, со што во целост ја реализира Програмата за 2010 година за привилегирано користење на јавниот градски превоз на подрачјето на Скопје. Годинава, во определениот временски рок, беа поднесени 1.919 барања од 34 здруженија на граѓани, а утврдените критериуми ги исполнија 1.831 лице.

Со оваа Програма се обезбедуваат легитимации за привилегиран јавен автобуски превоз на лица со оштетен вид, лица со оштетен слух, лица со телесен инвалидитет, лица со интелектуална попреченост, лица со заболени бубрези, како и инвалиди на трудот, инвалидски пензионери и воени инвалиди организирани во здруженија на граѓани на подрачјето на Скопје.

Годинава, петта година по ред, Градот Скопје реализира и организиран, континуиран превоз со адаптиран автобус за студентите и учениците со посебни потреби до образовните институции, со цел нивно полесно вклучување во редовниот образовен процес и обезбедување самостојност и независност во движењето. Од годинава, лицата со потешка телесна инвалидност, коишто користат инвалидска количка, можат да го користат и превозот со трите посебно адаптирани возила.

За реализирање на Програмата на Град Скопје за остварување социјална заштита на лица со посебни потреби од Буџетот на Град Скопје се издвојуваат 35 милиони денари.

## Во февруари и во март

# БОГАТА ФИЛМСКА ПОНУДА ВО КИНОТО „МИЛЕНИУМ“










Со македонската кино-премиера на комичната драма „СИТЕ СМЕ СУПЕР“ (Everybody's fine), во режија на Кирк Џонс, со Роберт Де Ниро, Дру Баримор и Кејт Бекинсејл во главните улоги, репертоарот на Градското кино „Милениум“ овој месец е побогат за уште еден филмски хит-наслов. Проекциите на овој светски блокбастер се во 20:30 и 22:30 часот. До крајот на овој месец и во март вљубениците на седмата уметност ќе имаат можност да уживаат во уште неколку филмски ремек дела.

Секој ден, во 18 часот, на репертоарот на „Милениум“ се проекциите на мегахитот „Вонредни мерки“ (Extraordinary measures), во режија на Том Вон, а главните улоги во филмот ги толкуваат Харисон Форд и Брендан Фрејзер.

Од 25 февруари 2010 година, па се до средината на месец март годинава, ќе се прикажува светскиот филмски хит со наслов „ЛЕГИЈА“ (Legion) со Пол Бетани и Денис Квајд, а во режија на Скот Стјуард. Фимот е акционен сф трилер.

Матине-проекциите на пладне во сабота и во недела од идниот месец се резервирани за второто продолжение на детскиот анимиран филм „Алвин и верверичките“ (Alvin and the Chipmunks) со Џон Вити и Џонатан Аибел, во режија на Бети Томас.

Во втората половина на март, пак, во Градското кино „Милениум“ ќе се прикажува и филмот „Перси Џексон и Олимпијците: Крадецот на молњата“ (Percy Jackson & the Olympians: The Lightning Thief). Главните улоги во филмот ги толкуваат Логан Лерман, Брендон Т. Џексон и Александра Дадарио, а во режија на Крис Коламбус.

Градот Скопје пред крајот на минатата година склучи договор со Градскиот трговски центар за преземање на киното „Милениум“, а веќе неколку месеци со киното успешно стопанисува ЈУ „Младински културен центар“. Со повторното отворање на киното „Милениум“, Град Скопје прави обид да заживее ова, некогаш култно место за сите љубители на филмот и филмски работници и да се развива кино-културата во нашиот град.

Влезница за редовните кино-проекции на филмовите чини 100 денари. Киното „Милениум“ беше отворено со европската премиера на филмот „Дали слушнавте за Морганови“ (Did you hear about the Morgans), со Хју Грант и Сара Џесика Паркер во главните улоги, во режија на Марк Лоренс.



Градежни работи на булеварот **Србија**